РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

бр. 02-108/6
Скопје, 17.07.2024 година

Записник од сто и шеста седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 17.07.2024 година.

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин м-р Башким Бесими член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева член
г-ѓа Светлана Жупаноска член
г-дин Антонио Јолевски член
г-дин Иџет Мемети – член
г- дин Ермон Незири член
г-ѓа Кети Петкова член
г-ѓа Зорица Павловиќ член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, Душица Димириеска констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на сто и шестата седница на Советот.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги извести членовите на Советот дека од оправдани причини Јавниот обвинител на РСМ е спречен да присуствува на седницата и воедно предложи точката три од дневниот ред “Номинација на еден јавен обвинител од јавните обвинители во РСМ за член на Управен одбор на Агенцијата за управување со одземен имот”, биде одложена и за истата се дискутира во прусуство на Јавниот обвинител на РСМ. Членовите на Советот го прифатија предлогот на претедателот на Советот по што оваа точка од дневниот ред беше одложена. Воедно Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска предложи наместо таа точка се стави нова точка на дневниот ред и тоа: “Донесување на одлука и решение за престанок на функцијата член на Советот на јавните обвинители на РСМ поради истекот на времето за кое е избран за г-дин Антонио Јолевски”. Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот по што дневниоит ред ќе гласи:

1. Усвојување на записникот од 105та седница на Советот на јавните обвинители на РСМ.
2. Донесување на одлука за избор на Заменик претседател на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија
3. Донесување на одлука и решение за престанок на функцијата член на Советот на јавните обвинители на РСМ поради истекот на времето за кое е избарн за членот г-дин Антонио Јолевски
4. Разгледување на иницијативата за поведување на постапка за утврдување на одговорност доставена од ДКСК
5. Разно

Под точка еден од дневниот ред едногласно беше усвоен записникот од 105-та седница на Советот.

Под точката два од дневниот ред, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека поради поднесената оставка од страна на заменик претседател на Советот г-дин Иџет Мемети, потребно е Советот да донесе одлука за назначување на нов Заменик претседател на Советот. Воедно даде предлог тоа да биде г-дин Башким Бесими. Истакна дека со оглед на неговото долгогодишно работно искуство ќе придонесе за успешна работа на Советот. Предлогот на претседателот на Советот едноглано беше усвоен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Заменик претседател на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија каде беше избран г-дин Башким Бесими.**

Под точка три од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека Советот треба да донесе одлука и решение за престанок на мандатот-функција член на Советот на јавните обвинители на РСМ, поради истекот за кое е избран за членот на Советот г-дин Антонио Јолевски заклучно со 31.07.2024 година. Воедно претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска му се заблагодари на членот на Советот г-дин Антонио Јолевски на досегашната успешна соработка и придонесот што го има дадено во институцијата.

Предлогот на претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука и решение за престанок на мандатот-функција член на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија поради истекот на времето за кое е избран заклучно со 31.07.2024 година.**

Под точка четири од дневниот ред Разгледување на иницијативата за поведување на постапка за утврдување на одговорност доставена од ДКСК, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека како претседател на Советот и воедно како преставник номиниран од Советот во својство на член на УО на АСЈО, смета дека не треба да присуствува кога ќе се дискутира по оваа точка од дневниот ред и дека

од тие причини ќе ја напушти седницата. Воедно кажа дека седницата по оваа точка треба да ја напуштат и г-дин Ермон Незири во својство на член на УО на АСЈО и Јелена Догазанска Колева како заменик член на на г-дин Ермон Несири во УО на АСЈО.

Отткако ја напуштија седницата, со седницата раководеше заменик претседалот на Советот г-дин Башким Бесими, кој отвори дискусија по точката четири од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Кети Петкова која кажа дека во иницијативата за поведување на постапка за утврдување на одговорност на членовите на УО на АСЈО, номинирани од страна на Советот на јавните обвинители на РСМ е наведено дека: со донесувањето на пресудата од страна на Управниот суд било утврдено дека членовите на УО на АСЈО превземале дејствија со кои било овозможено продолжување на започната предметна постапка која согласно Законот за Академијата за судии и јавни обвинители кое требало да заврши со стекнување на статус слушател на почетната обука на Академијата со засновање на работен однос на определено време и склучување на договор за вработувања, ваквите дејствија биле забранети во моментот на донесување на одлуката за распишување на изборите, поточно со вака превземените дејствија горе наведените лица го попречиле остварувањето на фер, објективен и непристрасен процес:. Кажа дека од извршениот увид во списите, кој што увид го имале сите членови на Советот, произлегува дека ДКСК оваа иницијатија ја има поднесено согласно чл. 33 ст.7 вв. ст.2. Оваа иницијатива до Советот е доставена на 23.05.2024 година, и согласно Законот Советот има законски рок за постапување по истата од 60 дена во кој рок треба да ја извести ДКСК за преземените мерки. Пресудата на Вишиот управен суд УРПЖ бр.113/24 е донесена на 26.04.2024 година. Како што кажа погоре иницијативата е поднесеена до Советот на 23.05.2024 година, што значи дека по истекот на 15 дена од донесувањето на одлуката. Согласно членовите од законот, произлегува дека истата е ненавремено доставена до Советот. Кажа дека согласно сите правни процедури согласно материјалното право се гледа најпрво дали истата е доставена навремено и дали е поднесена од страна на надлежен орган. Кажа дека не е спорно дека органот е надлежен, но не навремено доставување е евидентно од кажаното погоре. Од тие причини предложи Советот да донесе заклучок со кој што оваа иницијатива ќе биде отфрлена како ненавремена. Исто така се осврна што бибило хипотетички како би постапила ако иницијативата била навремено доставена. Кажа дека самата одлука на која се заснова целокупната постапка во Управниот суд, е против Академијата за судии и јавни обвинители и никаде не стои дека има одговорност на членовите на УО на АСЈО. Тоа од причини што согласно Законот за спречување на корупцијата, согласно кој постапува ДКСК поимите за правно лице и одговорно лице се идентични со поимите определени во КЗ. Во таков случај и доколку би била навремена иницијативата смета дека нема одговорност за членовите на УО и според неа истата би била неоснована.

Г-дин Антонио Јолевски смета дека Советот треба да донесе заклучок со кој Советот нема да се впушта во понатамошно разгледување на предметот поради процесна пречка.

Г-ѓа Светлана Жупаноска се согласи со колегите и кажа дека иницијавата од страна на ДКСК не е поднесена во законски утврдениот рок од 15 дена од денот на донесувањето на одлуката, согласно член 33 ств 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Тоа може да се утврди од увидот во поднесената иницијатива и приемниот печат на истата, па со оглед дека очигледно е пробиен рокот за нејзино поднесување, кажа дека според неа непотребно е било каква понатамошна дискусија околу иницијативата.

Отткако никој не зема збор заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими го стави на гласање предлогот за отфрлање на иницијативата поднесена од страна на ДКСК како ненавремена.

Присутните членови на Советот едногласна гласаа зда се усвои предлогот за отфрлање на иницијативата како ненавремена.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ, постапувајќи по Иницијативата за поведување на постапка за утврдување на одговорност бр.1330/85 од 23.05.2024 година поднесена од ДКСК, а заради прекршување на одредбите од член 34 став 1 алинеа 3 од Изборниот законик од страна на членовите на УО на Акедемијата за судии и јавни обвинители, а по увидот во иницијативата и прилозите кон истата, заседе став да се отфрли иницијативата како ненавремена.**

Под точка разно се вратија на седницата претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска и членовите на Советот г-ѓа Јелена Догазанска Колева и г-дин Ермон Незири.

Под истата точка од дневниот ред г-дин Ицет Мемети ги информираше членовите на Советот во врска со еден предмет кој ДКСК му го има доставено на Советот во надлежност. Кажа дека предметот датира од 2021 година и дека по истиот е постапувано, истиот е завршен и дека странката е известена писмено и по електронска пошта. Предложи предметот да се архивира.

Откако никој не зема збор претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека седницата ќе биде продолжена на ден 18.07.2024 година со почеток во 11: 00 часот.

**На ден 18.07.2024 година во 11:00 часот продолжи сто и шестата седница** под точката "Номинација на еден јавен обвинител од јавните обвинители во РСМ за член на Управен одбор на Агенцијата за управување со одземен имот".

Присутни:

г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин м-р Башким Бесими –Заменик претседател
г-ѓа Светлана Жупаноска член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева член
г-дин Антонио Јолевски член
г-дин Љупчо Коцевски член
г-дин Ицет Мемети – член
г- дин Ермон Незири член
г-ѓа Кети Петкова член
г-ѓа Зорица Павловиќ член

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ја продолжи сто и шестата седница на Советот под точката Номинација на еден јавен обвинител од јавните обвинители во РСМ за член на Управниот одбор на Агенцијата за одземен имот. Кажа дека од Агенцијата за одземен имот се имаат писмено обратено до Советот со барање за номинирање на член на УО согласно чл.14 ст.4 од Законот за управување со конфискуван имот,имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка. Истакна дека за таа цел потребно е на денешната седница да се номинира член на УО. Воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски кој кажа дека имал предлог за да предложи еден јавен обвинител од ЈОРСМ, со оглед дека имал учество во стратегија за јакнење на капацитетите за водење на фунансиски истраги и конфискација на имот, дека е раководител на канцеларијата за поврат на имот и се работи за јавниот обвинител Анита Тополова Исајловска, но по извршениот разговор со јавниот обвинител му било соопштено дека поради голем број на други активности не би можела да ја прифати оваа функција и биде член на УО во Агенцијата за одземен имот. Воедно кажа дека нема друг предлог, а доколку останатите членови на Советот имаат свои предлози, слободно да ги изложат.

Г-дин Ермон Незири за член на УО на Агенцијата за одземен имот го предложи Основниот јавен обвинител на ОЈО Скопје г-дин Гаврил Бубевски. Кажа дека се работи за нов закон за Агенцијата за одземен имот кој е усогласен со европските директиви. Воедно кажа дека јавниот обвинител во последните пет години учествувал во стратегијата за управување со одземен имот, учествувал во изготвување на стандардно оперативните техники за финансиски истраги. Воедно смета дека како Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Скопје, во целост ќе ги исполни задачите кои ќе му бидат доверени.

Г-ѓа Зорица Павловиќ го подржа предлогот на членот на Советот г-дин Ермон Незири

Г-дин Антонио Јолевски кажа дека ова тело е многу значајно, бидејќи оваа Агенција е завршница на сите постапки кога се одзема и конфискува имот. Оттука кажа дека ќе биде потребно лице кое ќе биде на располагање во секој момент и добро е што предложеното лице е од Скопје. Воедно го подржа предлогот на членот на Советот г-дин Ермон Незири.

Г-ѓа Светлана Жупаноска се согласи со предлогот да јавниот обвинител Гаврил Бубевски биде номиниран за член на УО во Агенцијата за управување со одземен имот и смета дека истиот најодговорно, стручнои професионално ќе одговори на дадените задачи во вршењето на оваа функција. Ова од причина што покрај неговото работно искуство како јавен обвинител и шеф на ОЈО Скопје, поседува и искуство од областа на извршна постапка, стечај, парнична постапка што смета дека е многу битен и важен сегмент за успешно обавување на функцијата. Со оглед на тоа го подржа предлогот даден од колегата Ермон Незири.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски исто така се согласи со дадениот предлог од страна на колегата Ермон Незири, кажа дека е запознаен со активностите на јавниот обвинител, така што смета дека успешно ќе одговори на оваа функција.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека предложениот кандидат за член на УО на Агенцијата за одземен имот успешно ќе ја извршува оваа функција и воедно предлогот на членот на Советот г-дин Ермон Незири го стави на гласање.

Едногласно од страна на членовите на Советот за член на УО на Агенцијата за одземен имот беше номиниран јавниот обвинител на ОЈО Скопје г-дин Гаврил Бубевски.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија го номинираше јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство Скопје г-дин Гаврил Бубевски за член на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот.**

Откако никој не зема збор, Претседателот на Советот ја заклучи сто и шестата седница на Советот

Записникот го водел
Аспарух Мисајловски
Генерален Секретар

СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**Претседател**
**Душица Димитриеска**